**Од 25.12.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва**

1. Се објавува Одлуката за користење на средствата од тековната резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25.12.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6916/3**
**од 29.12.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) , член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04) и член 11 од Одлуката за извршување Буџетот на Општина Гази Баба за 2009 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/06) , Советот на Општина Гази Баба на четириесет и шестата одржана на 25.12. 2008 година , донесе

**О Д Л У К А**
**За користење на средствата**
**од тековната резерва**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува користење и распределба на средствата утврдени во буџетот на Општината во рамките на резервите : постојаната резерва - одлучува Советот на Општината Гази Баба а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва - непредвидливи расходи , одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000.- денари во поединечни случаи при што во износот не влегува персоналниот данок.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес , суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2009 година .

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 на Оваа одлука надлежен е Градоначалникот на Општината.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" , а ќе се применува од 01.01.2009 година.

**Бр.07-6733/4**
**од 25.12.2008 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2009 година**

1. Се објавува Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2009 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25.12.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6916/4**
**од 29.12.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр. 5/02 ), член 43 од Законот за градежно земјиште (″Службен весник на РМ″ бр. 53/01 ), член 17, став 1 и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (″Службен весник на РМ″ бр. 51/05 ), и Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр. 61/04), Советот на Општина Гази Баба на четириесетишестата седница одржана на 25.12.2008 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ″Ф″
## на Општина Гази Баба за 2009 година

**ВОВЕД:**

ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНАРАЊЕ ″Ф″ се состои од следните подпрограми:

**I.** **Ф.1** ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**II.** **Ф.2** ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно - оперативни трошоци )

**III.** **Ф.3**. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( тековно - оперативни трошоци )

**IV.** **Ф.А** ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

**V.** **Ф.Д.** ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ″Ф″ ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ

## ПРИХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | Вкупни приходи | 162.300.000,00 | 100% |
| 71 | | | | Даночни приходи | 130.000.000.00 | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 130.000.000.00 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 130.000.000.00 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 130.000.000.00 | |
| 72 | | | | Неданочни приходи | 2.300.000,00 | |
| | 724 | | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | 7241 | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | | 7241 12 | Надомест за изработени просторни и урбанистички планови | 1.000.000,00 | |
| | 725 | | | Други неданочни приходи | 1.300.000,00 | |
| | | 7251 | | Донации од приватни компании | 1.000.000.00 | |
| | | | 7251 11 | Тековни донации - претпријатија | 1.000.000.00 | |
| | | 7252 | | Донации од физички лица | 300.000,00 | |
| | | | 7252 11 | Тековни донации - лица | 300.000,00 | |
| 74 | | | | Трансфери и донации | 30.000.000.00 | |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 30.000.000.00 | |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 30.000.000.00 | |
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 30.000.000.00 | |

Овие вкупни приходи се распределуваат во потпрограмите ″Ф1. Ф2. Ф.3, Ф.А и Ф.Д″.

## I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## ВОВЕД

Тековно-оперативните трошоци за урбанистичко планирање, се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови.
Подпрограмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

## ПРИХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **19.000.000** | 100% |
| 71 | | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **19.000.000** | |
| | 717 | | | | **Даноци на специфични услуги** | **19.000.000** | |
| | | 7171 | | | Комунални даноци | **19.000.000** | |
| | | | 7171 37 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште ( дел ) | **19.000.000** | |
| 72 | | | | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1.000.000** | |
| | 724 | | | | **Други владини услуги** | **1.000.000** | |
| | | 7241 | | | Други владини услуги | 1.000.000 | |
| | | | 7241 12 | | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 1.000.000 | |

## РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Под ставка | Од дел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **19.000.000** | |
| **42** | | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **19.000.000** | **100%** |
| | **425** | | | | **Договорни услуги** | **19.000.000** | |
| | | **4256** | | | **Услуги за животна средина и планирање** | **17.000.000** | |
| | | | 4256 40 | | **Изработка на просторни и други урбанистички планови** | **17.000.000** | |
| | | | | 1. | Дел од ИИЗ МЗ Маџари 1-урб.блок Исток | | |
| | | | | 2. | Дел од ИИЗ МЗ Маџари 1 -урб.блок Запад ( 1 И 2 ) | | |
| | | | | 3. | Источна индустриска зона лок. Вардариште | | |
| | | | | 4. | Дел од Источна индустриска зона - урб.модул 8 | | |
| | | | | 5. | Источна индустриска зона | | |
| | | | | 6. | Железара - Индустриска зона | | |
| | | | | 7. | Дел од МЗ Маџари 2 - урб.блок 5 | | |
| | | | | 8. | Дел од МЗ Маџари 2 - урб.блок 6 | | |
| | | | | 9. | Дел од МЗ Крсте Мисирков – урб.модул - 4 – локалитет 1 | | |
| | | | | 10. | Дел од МЗ Крсте Мисирков - УМ 4'' | | |
| | | | | 11. | Дел од МЗ Крсте Мисирков – урб.модул 6′ | | |
| | | | | 12. | Дел од МЗ Крсте Мисирков | | |
| | | | | 13. | МЗ Трианагла | | |
| | | | | 14 | Дел до МЗ Триангла УБ 19 | | |
| | | | | 15. | Дел од МЗ Јанае Сандански урб.модул------1 | | |
| | | | | 16. | Дел од МЗ Јане Сандански урб.модул ---- 3 | | |

| Категорија | Ставка | Основ. Ставка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | 17. | МЗ Автокоманда СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР СО КОМПЛЕКС ФАКУЛТЕТИ | | |
| | | | | 18. | Спортско рекреативен центар -Железара | | |
| | | | | 19. | Спортско рекреативен центар-Хиподром- УМ 9 | | |
| | | | | 20. | МЗ Маџари | | |
| | | | | 21. | Трошоци за изготвување на планови по иницијатива на Градски комитет или за подобрување на реализацијата на донесените планови - спроведување по судски решенија | | |
| | | | | 22. | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | | |
| | | | | 23. | Трошоци за изготвување на детални урбанистички планови, заради усогласување со ГУП на град Скопје | | |
| | | | | 24. | Слободна стопанска зона - Железара | | |
| | | | | 25. | Урбанистички планови вон населено место на територи. на Општина Г. Баба | | |
| | | | | 26. | УПВНМ Заобиколница клучка Хиподром-Сингелиќ | | |
| | | | | 27. | УПВНМ Спортско рекреативен центар Ђ Заобиколница (езерца Смилковци) | | |
| | | | | 28. | Трошоци за изработка на урбанистички планови за села | | |
| | | | | 29. | Дел од село Трубарево - лок. ″Ергела″ | | |
| | | | | 30. | Колонија - Идризово | | |
| | | | | 31. | с. Трубарево | | |
| | | | | 32. | с. Сингелиќ | | |
| | | | | 33. | с. Инџиково | | |
| | | | | 34. | с. Булачани | | |
| | | | | 35. | с. Црешево со с. Виниче | | |
| | | | | 36. | с. Идризово | | |
| | | | | 37. | с. Гоце Делчев | | |
| | | | | 38. | с. Страчинци | | |
| | | | | 39. | с. Стајковци | | |
| | | | | 40. | с. Смилковци | | |
| | | | | 41. | с. Брњарци | | |
| | | | | 42. | с. Раштак | | |
| | | | | 43. | с. Јурумлери | | |
| | | | | 44 | Програма за приоретна израбитка на урбанистички планови во РМ | | |
| | | | | 45. | Ажурирање на геодет. подлоги за планови и геодетски услуги | 6.000.000.00 | |
| | | 4259 | | | **Други договорни услуги** | **2.000.000.00** | |
| | | | 4259 20 | 46. | Услуги за копирање, печатење и огласување | 300.000,00 | |
| | | | 4259 30 | 47. | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување ) | 200.000,00 | |
| | | | 4259 40 | 48. | Рушење на објекти заради реализација на урбанистички планови | 1.000.000.00 | |
| | | | 4259 90 | 49. | Други договорни услуги – | 500.000.00 | |

## II. Ф.2 ПОД–ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно оперативни трошоци )

## III. Ф.3 ПОД–ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

ПОДПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ, СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

## П Р И Х О Д И

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Под ставка | Извори на финансирање | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3.300.000** | |
| 71 | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.300.000** | |
| | 717 | | | **Даноци на специфични услуги** | **3.300.000** | |
| | | 7171 | | **Комунални даноци** | 3.300.000 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 3.300.000 | |

## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОДПРОГРАМИТЕ Ф.2 и Ф.3
## Р А С Х О Д И

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | |
| 42 | | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.300.000** | |
| | 425 | | | | **Договорни услуги** | **1.650.000** | |
| | | 4259 | | | **Други договорни услуги** | **1.650.000** | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4259 90 | | Други договорни услуги | 1.650.000 | |
| | **426** | | | | **Други тековни расходи** | **1.650.000** | |
| | | **4269** | | | Други оперативни расходи | 1.650.000 | |
| | | | 4269 90 | | **Други оперативни расходи** | 1.650.000 | |

## IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
## ( Капитални трошоци )

### 1. ПРИХОД

| Ка те го ри ја | Ставка | Осно вна ставка | Под ставка | Извори на финансирање | Износ во денари | Струк тура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **138.700.000** | |
| 71 | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **108.700.000** | |
| | **717** | | | **Даноци на специфични услуги** | **108.700.000** | |
| | | **7171** | | **Комунални даноци** | **108.700.000** | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 108.700.000 | |
| 74 | | | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **30.000.000** | |
| | **741** | | | **Трансфери од други нивоа на власта** | 30.000.000 | |
| | | **7412** | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 30.000.000 | |
| | | | 7412 22 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 30.000.000 | |

### ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД ПРОГРАМАТА Ф.А

### 2. РАСХОДИ

| [illegible] | Ставк а | Осно вна ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Струк-тура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ** | | |

| РАСХОДИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| [illegible] | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **138.700.000** | |
| | **481** | | | | | | |
| | | **4812** | | | | | |
| | | | 4812 10 | | **Подготовка на проекти за деловни објекти** | **1.000.000** | |

| Ка те го ри ја | Став ка | Основ на ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Струк тура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **482** | | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **133.700.000** | |
| | | **4821** | | | **Улици и патишта** | **73.200.000** | |
| | | | **4821 10** | | **Подготвување на проекти вклучувајќи дизај на улици и патишта** | **5.000.000** | |
| | | | | | Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална ифраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Гази Баба, за исполнување на договорните обврски кон корисниците – 60% за Град Скопје и 40% за Општина Гази Баба | 1.500.000 | |
| | | | | | Проекти за водоводна мрежа | | |
| | | | | | Проекти за фекална мрежа | | |
| | | | | | Проекти за атмосферска канализација | | |
| | | | | | Проекти за ниско-напонска електрична мрежа | | |
| | | | | | Проекти за топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Проекти за јавно зеленило (садење дрвореди ) | | |
| | | | | | Проекти за јавно осветлување | | |
| | | | | | Проекти за коловоз | | |
| | | | | | Сообраќајни планови | | |
| | | | | **Изработка на проекти од комунална инфраструктура кои се финансираат 100% од Општина Гази Баба** | | **3.500.000** | |
| | | | | | Проекти за водоводна мрежа | | |
| | | | | | Проекти за фекална мрежа | | |
| | | | | | Проекти за атмосферска мрежа | | |
| | | | | | Проекти за ниско-напонска електрична мрежа | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Проекти за топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Проекти за јавно зеленило (садење дрвореди ) | | |
| | | | | | Проекти за јавно осветлување | | |
| | | | | | Проекти за коловоз | | |
| | | | | | Проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | | |
| | | | | | Сообраќајни планови | | |

| Категорија | Ставка | Основ на ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | **4821 20** | | **Изградба на улици и патишта** | **42.500.000** | |
| | | | | | Изградба на сервисни и станбени улици кои се финансираат заеднички помеѓу Градот Скопје и Општина Гази Баба, за исполнување на договорни услуги кон корисниците ( 60% за Град Скопје и 40% за Општина Гази Баба ) | 13.500.000 | |
| | | | | | Изградба на водоводна мрежа | | |
| | | | | | Изградба на фекална мрежа | | |
| | | | | | Изградба на атмосферска канализација | | |
| | | | | | Изградба на ниско-напонска електрична мрежа | | |
| | | | | | Изградба на топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Изградба на хидрантска мрежа и јавно зеленило со садење дрвореди | | |
| | | | | | Изградба на улично осветлување | | |
| | | | | | Изградба на коловоз | | |
| | | | | | Изградба на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | | |
| | | | | | **Изградба на сервисни и станбени улици кои се финансираат 100% за Општина Гази Баба** | **29.000.000** | |
| | | | | | Изградба на водоводна мрежа | | |
| | | | | | Изградба на фекална мрежа | | |
| | | | | | Изградба на атмосферска канализација | | |
| | | | | | Изградба на ниско-напонска електрична мрежа | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба на топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Изградба на хидрантска мрежа и јавно зеленило со садење дрвореди | | |
| | | | | | Изградба на улично осветлување | | |
| | | | | | Изградба на коловоз | | |
| | | | | | Изградба на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | | |
| | | | | | Сообраќајна сигнализација | | |
| | | | | | Улични препреки (легнати полицајци ) | | |

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | **4821 30** | | **Реконструкција на улици и патишта** | **25.700.000** | |
| | | | | | Реконструкција на водоводна мрежа | | |
| | | | | | Реконструкција на фекална мрежа | | |
| | | | | | Реконструкција на атмосферска канализација | | |
| | | | | | Реконструкција на ниско-напонска електрична мрежа | | |
| | | | | | Реконструкција на топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Реконструкција на коловоз | | |
| | | | | | Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки | | |
| | | **4823** | | | **Пречистителни станици и колектори** | **15.000.000** | |
| | | | 4823 10 | | Подготвување на проекти, вклучувајќи дизај на пречистителни станици и колектори | 5.000.000 | |
| | | | 4823 20 | | Изработка на пречистителни станици и колектори | 10.000.000 | |
| | | **4824** | | | **Изгадба на депонии за отпад** | **1.000.000** | |
| | | | 4824 20 | | **Изгадба на депонии за отпад** | 1.000.000 | |
| | | **4827** | | | **Капацитети за водоснабдување** | **17.000.000** | |
| | | | 4827 10 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизај на капацитети за водоснабдување | 1.000.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4827 20 | | Изградба на капацитети за водоснабдување | 11.000.000 | |
| | | | 4827 30 | | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 5.000.000 | |
| | | **4829** | | | **Изградба на други објекти** | **27.500.000** | |
| | | | 4829 10 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти<br>Проекти за изградба на катни гаражи | 5.000.000 | |

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | Проекти за изградба на пешачки патеки, јавни паркиралишта и други површини со завршен слој од префабрикувани бетонски елементи, мермерни плочи и друг вид на градежен материјал | | |
| | | | **4829 20** | | **Изградба на други објекти** | **15.000.000** | |
| | | | | | Изградба на катни гаражи | | |
| | | | | | Изградба на пешачки патеки, јавни паркиралишта и други јавни површини со завршен слој од бетонски префабрикувани елементи, мермерни плочи и друг вид на градежен материјал | | |
| | | | | | Поставување на нови светлечки елементи | | |
| | | | **4829 30** | | **Реконструкција на други објекти** | **7.500.000** | |
| | **483** | | | | | **2.500.000** | |
| | | **4831** | | | **Купување на мебел** | **1.000.000** | |
| | | | 4831 10 | | Купување на канцелариски мебел | 1.000.000 | |
| | | **4832** | | | **Купување на опрема** | **1.500.000** | |
| | | | 4832 40 | | Купување на канцелариска | 1.000.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | опрема | | |
| | | | 4832 90 | | Купување на друга опрема | 500.000 | |
| | **485** | | | | | **1.500.000** | |
| | | **4854** | | | **Нематеријални средства** | **1.500.000** | |
| | | | 4854 20 | | Надоместок за одземен имот | 1.500.000 | |

## 4. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ДО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Под обем на работи за подготување и расчистување на градежно земјиште до градежна парцела, за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

— оформување на геодетска документација ;
— извршување на основни геомеханички испитувања ;
— решавање на имотно правни односи ;
— расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт )

## 5. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ДО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште по оваа Под-програма, се врши согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (″Сл. весник на РМ″ бр. 80/01 и 85/01) и тоа:

а.) **Објекти за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓа:**

— изградба на сервисни и станбени улици согласно ДУП ;
— изградба на секундарна атмосферска канализациона межа ;
— изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици ;
— изградба на јавно озеленување на сервисни и станбени улици ;

б.) **Објекти од индивидулана комунална потрошувачка**

— изградба на секундарна водоводна мрежа ;
— изградба на секундарна фекална канализациона мрежа ;
— изградба на секундарна топлификациона мрежа ;

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедување на имотно правни, технички и материјални услови.

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 6.1. Трошоците за уредување на градежно земјиште опфаќаат:

а.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка.
б.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидулана комунална потрошувачка.
а.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат:
— трошоци за расчистување на градежно земјиште, проектирање и изградба на инфраструктурни објекти од секундарната комунална инфраструктура (основни комуналии ), пречистителна станица и подобност – бонитет на локалитетот (комплексот) каде се гради или е изграден станбено–деловниот или друг објект за кого се плаќа надоместок за уредување ;
б.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидулана комунална потрошувачка опфаќаат

— трошоци за расчистување на градежно земјиште, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална потрошувачка ;

**Трошоците за расчистување на градежно земјиште, за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, а кои паѓаат на товар на Општина Гази Баба опфаќаат:**
— надомест за експропријација на објекти, утврден според пазарна ведност на станови или деловен простор во најблиската околина до објектот што се експроприра, намалена за вредноста на приклучоците кои не се изведени во објектот кој е предмет на експропријација и за степенот на амортизација на објектот што е предмет на експропријација ;
— надомест за експропријација на објекти за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се утврдува според вредноста на материјалот и работната рака потребни за изградба на таков објект, намалени за износот на амортизацијата ;
— трошоци за селидба на сопствениците и уривање на објектот кој се експроприра според тековни цени ;

- надоместок за земјиште кое треба да се експроприра, а се утврдува зависно од комплексот (зоната) во која се наоѓа земјиштето и тоа 22% од основните комуналии за I и II комплекс и 18% за III и IV комплекс ;
- надомест за насади, посеви, шуми и плодови, кои се наоѓаат на земјиштето кое се експроприра според утврдена пазарна цена ;
- трошоци за опремување на градежното земјиште до градежна парцела, кои се пресметуваат според приложен проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура со претпоставени количини и тековни цени ;

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, паѓаат на терет на корисникот односно сопственикот на градежната парцела.

Изгадените инфраструктурни објекти кои остануваат во границите на градежната парцела или под објектот кој се гради, мора да бидат заштитени, за што корисникот односно сопственикот на градежната парцела мора да побара писмена согласност од Општина Гази Баба, за заштита на тие објекти, а пред отпочнување со градба на новиот објект.

Трошоците за заштита на тие објекти, ги сноси корисникот односно сопственикот на градежното земјиште.

**6.2.** **Корисникот односно сопственикот** на градежната парцела е должен да обезбеди Хидротехнички услови од ЈП Водовод и Енергетска согласност од АД Топлификација, за приклучување на објектот на соодветната мрежа од индивидуална потрошувачка, пред склучување на Договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежите од индивидуална потрошувачка, надоместокот ќе се регулира со склучување на Анекс–договор, а пресметувањето ќе се врши по цени кои се важечки во моментот на склучување на Анекс–договорот

## 7. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

За уредување на градежно земјиште, корисникот односно сопственикот на градежната парцела, плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште утврден согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (″Сл. весник на РМ″ бр. 80/2001 и 85/2001, Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на

објекти (″Сл. весник на РМ″ 69/1999; 2/2002 и 50/2003 ) и Законот за просторно и урбанистичко планирање (″Сл. весник на РМ″ бр. 51/05 и 137/07 ).

За секој вид на простор што не е опфатен со Правилниците и претходната алинеја, надоместокот се пресметува по аналогија како за простор опфатен со Правилниците.

Ако поткровниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 01 се пресметува само за последното ниво, сметано од доле нагоре.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, за делот од 40% за Општина Гази Баба, се регулира со Договор за уредување на градежно земјиште склучен во писмена форма меѓу Општина Гази Баба и корисникот односно сопственикот на градежната парцела.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се определува според основицата утврдена на ден 01.01.2008 година, изразена во денари/м2 за нето изградена површина и истата месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало објавен во Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, преставува збир на трошоци за заедничка комунална потрошувачка и индивидуална потрошувачка.

## 1. Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата даден во следниот табеларен преглед

**ТАБЕЛА ″А″**

| КОМПЛЕКСИ И ЗОНИ | | Основни комуналии + пречистетелна станица 1% | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | јавен, деловен, производен простор |
| 1. | V/1 /дел/; VI/1 /дел/ | 21+1=22% | 4% | 10% |
| 2. | VI/1 /дел/ | 19+1=20% | 2% | 8% |
| 3. | VII/3 | 17+1=18% | 1,5% | 4% |
| 4. | VIII/2 | 15+1=16% | 1% | 2% |

За финансирање на расчистување и проектирање на пречистителна станица на ниво на град, Градот и сите Општини во градот, наплатуваат процентуален дел од основицата во висина од 1%.

## 2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

Трошоците на изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата и тоа:

а. Водоводна мрежа-------------------------------------------- 1,5%
б. Фекална канализациона мрежа---------------------------1,5%
в. Топлификациона мрежа-------------------------------------3,2%

При склучување на Анекс–договори за разлика во површина, доколку во Основниот договор е пресметан надоместокот за ниско–напонска електрична мрежа, истиот ќе се пресмета и во Анекс–договорот во висина од --------2,3% од утврдената основица на денот на склучување на Анекс–договорот.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за делот од Општина Гази Баба, може да се плаќа на рати, со согласност од Општината. Првата рата изнесува 30% од вкупната вредност, а за остатокот што се плаќа на рати корисникот односно сопственикот на градежната парцела е должен да достави банкарска гаранција во Општината.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

При пренамена од станбен во деловен простор, еднократно се плаќа надоместок во процент од утврдената основица, што преставува разлика меѓу процентот за бонитет на локација (комплексот) за станбен и деловен простор.

За пренамена од деловен во станбен простор, не се враќа разликата во платениот надоместок.

За објекти за кои до 01.01.1997 година односно до донесување на Законот за град Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, врз основа на услови заградба кои во меѓувреме се поништени и издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договори меѓу Градот и Општина Гази Баба и корисникот односно сопственикот на земјиштето. Корисникот - сопственикот на земјиштето, е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено Одобрение за градење.

Доколку корисникот - сопственикот на градежното земјиште нема Одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (Договор и Проект со урбанистичка согласност ), површината за која платил надоместок се признава.

Доколку корисникот - сопственикот на градежното земјиште има Одобрение за градење, но објектот не е изграден а на Одобрението за градење е измината важноста, не се признава површината за која е платен надоместокот.

Доколку корисникот - сопственикот на градежното земјште има поседовен лист за изграден објект, за признавање на постојната површина потребно е да достави договор за платен надоместок, проект со урбанистичка согласност и одобрение за градење.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, корисникот е должен да ги

урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Корисникот е должен да обезбеди одобрение за градење, во рок од 60(шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку корисникот не прибави одобрение за градење во пртходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на корисникот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од Општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако корисникот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште што се однесува за заедничка комунална потрошувачка.

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучување на договорот за регулирање на надоместокот.

За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуална комунална потрошувачка што ја користел објектот - предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на корисникот, корисникот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежна парцела.

## 8. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Трошоците за уредување на градежно земјиште, ги плаќа 100% Градот Скопје за изградба на основните инфраструктурни објекти (за собирни, магистрални улици и други примарни инфраструктурни објекти) и 100% Општината за секундарни инфраструктурни објекти (станбени, сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти) со едно приклучно место од инфраструктурните мрежи до една градежна парцела односно објект.

За објекти за кои договорите за надоместок за уредување на градежно земјиште се склучени до 31.12.2006 година, изведбата на инфраструктурните објекти ќе се финансира 60% Градот и 40% Општината, независно дали се изведуваат примарни или секундарни инфраструктурни објекти.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во точка **7.1 и 7.2**, да овозможи приклучување на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветно комунално претпријатие или областени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, иститe се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластени субјекти. Притоа се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го

плаќаат на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината.

- Во изградбата на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.
- Градот и Општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.
- При регулирање на надоместокот корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградената инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку се докаже со документација дека истиот го регулирал).

- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, да се регулираат договорно помеѓу Ј.П. ″Водовод и канализација″ и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот – до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П. ″Водовод и канализација″. Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П. ″Водовод и канализација″.
- Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши со исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општината.
- Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, без согласност на Градот Скопје и Општината, Градот и Општината нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општината и корисникот.
- Корисникот е должен пред барањето за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и Општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина, правата и обврските се уредуваат со Анекс–договор.

## 9. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уедување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба.

## V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( капитални трошоци )

**ВОВЕД**

Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.
Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи односно од донации од физички лица и донации од претпријатија

## ПРИХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | |
| | | | | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1.300.000** | |
| | **725** | | | | **Други неданочни приходи** | **1.300.000** | |
| | | **7251** | | | **Донации од приватни компании** | **1.000.000** | |
| | | | **7251 11** | | Тековни донации од претпријатија | 1.000.000 | |
| | | **7252** | | | Донации од физички лица | **300.000** | |
| | | | 7252 11 | | Тековни донации од лица | 300.000 | |

## ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Под ставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.300.000** | |
| | **482** | | | | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **1.300.000** | |
| | | **4821** | | | | | |
| | | | 4821 20 | | Изградба на улици, патишта и автопати | 1.000.000 | |
| | | | 4821 30 | | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 3.000.000 | |

## 10. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

